**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

1. За членови на Советот за заштита на потрошувачите се именуваат:

- Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и труд - претседател;
- Адиса Фазлиоска, раководител на одделение во Министерството за економија и труд - секретар;
- Мими Ивановска, самостоен референт во Минстерството за финансии;
- Ана Стојова, помошник раководител на сектор во Министерството за правда;
- Орхан Шерифи, помошник раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- Зоран Доневски, советник во Министерството за европски прашања;
- Валентина Гоцевска, советник во Министерството за образование и наука - Бирото за развој на образованието;
- Слада Дрндар Пепиќ, помлад соработник во Агенцијата за храна и ветеринарство;
- Јулијана Ристовска, советник инспектор во Министерството за економија и труд - Државниот пазарен инспекторат;
- Викторија Стојаноска, советник инспектор во Министерството за здравство - Државниот санитарен и здравствен инспекторат;
- Рената Аиновска, раководител на сектор во Агенцијата за електронски комуникации;
- Вангел Спироски, претседател на Организацијата на потрошувачите на Охрид и
- Миранда Ајдини, член во Стопанската комора на Северозападна Македонија.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за именување на членови на Советот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.47/21).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-496/4
20 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**173.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 4 од Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/94 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 јануари 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 185/24), во точка 1 во потточката б) точката 3 се менува и гласи:

„3. Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање;“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-868/4
20 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**174.**

Врз основа на член 23 став (5) од Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25), министерот за економија и труд донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за работодавач-правно лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за работодавач-физичко лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правното лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 12-400/1
21 јануари 2026 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

**Прилог бр. 1**

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**
**- ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Број: ______________________

Датум: _________________година во _________ часот

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за работно ангажирање на лица, инспекторот за труд од подрачје -------------------------- издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
**(за работодавач - правно лице)**

| | | |
|---|---|---|
| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ - ПРАВНО ЛИЦЕ** | |
| Назив | | Даночен број |
| Седиште | | Деловна банка |
| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ ПРАВНОТО ЛИЦЕ** | |
| Име и презиме | | МБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| За странски државјани / бр. на патна исправа | Датум и место на издавање на лична карта/патна исправа | Државјанин на |
| **В** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК** | |
| Место и време на сторување на прекршокот | | |
| Опис на прекршокот | | |

| | |
|---|---|
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП-50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840 - _ _ _ (општина каде се уплаќа) - 05257, приходна шифра и програма 722123, со цел на дознака: уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државниот инспекторат за труд. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________________

Потпис на сторителот Инспектор

**Прилог бр. 2**

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**
**- ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Број: _____________________

Датум: ________________година во _________ часот

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за работно ангажирање на лица, инспекторот за труд од подрачје -------------------------- издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
**(за работодавач – физичко лице)**

| | | |
|---|---|---|
| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ** | |
| Назив | | Даночен број |
| Седиште | | Деловна банка |
| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ** | |
| Име и презиме | | МБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| За странски државјани / бр. на патна исправа | Датум и место на издавање на лична карта/патна исправа | Државјанин на |
| **В** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК** | |
| Место и време на сторување на прекршокот | | |

| | |
|---|---|
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП-50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840 - _ _ _ (општина каде се уплаќа) - 05257, приходна шифра и програма 722123, со цел на дознака: уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државниот инспекторат за труд. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________________

Потпис на сторителот Инспектор

**Прилог бр. 3**

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**
**- ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Број: ______________________

Датум: _________________година во _________ часот

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за работно ангажирање на лица, инспекторот за труд од подрачје -------------------------- издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
**(за одговорното лице во правното лице)**

| | | |
|---|---|---|
| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ** | |
| Име и презиме | | МБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| За странски државјани / бр. на патна исправа | Датум и место на издавање на лична карта/патна исправа | Државјанин на |
| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ** | |
| Назив | | Даночен број |
| Седиште | | Деловна банка |
| **В** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК** | |
| Место и време на сторување на прекршокот | | |
| Опис на прекршокот | | |
| Правна квалификација на прекршокот | | |

| | |
|---|---|
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП-50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840 - _ _ _ (општина каде се уплаќа) - 05257, приходна шифра и програма 722123, со цел на дознака: уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државниот инспекторат за труд. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

_______________________ М.П. ______________________________

Потпис на сторителот Инспектор